
DAIKIN
altherma
Откријте го светот на
одржливи решенија за греење

На глобално ниво, Daikin е познат по својот пионерски пристап кон развој на производи, незаменливиот квалитет и разноврсност на своите интегрирани решенија.

Со повеќе од 90 години искуство во дизајнирање и производство на технологии за греење и ладење, Daikin ги направи топлинските пумпи своја ДНК.

Daikin Europe N.V е водечки производител на климатизери, топлински пумпи и опрема за ладење, со приближно 5.500 вработени низ цела Европа и 10 најголеми производствени погони со седиште во Белгија, Чешка, Германија, Италија, Турција и Велика Британија.

Произведено во Европа, за Европа

Како лидер на пазарот на топлинската пумпа, Daikin секогаш се обидува да ги направи најсигурните и најефикасните топлински пумпи.

За да го постигне ова, Daikin ги развива сите клучни компоненти на своите производи, што резултира со подобра контрола и квалитет на производството.

Daikin е исто така сопственик на врвни технологии како што е употреба на фреон R-32, користејќи 30% помалку на фреон од претходникот, со што го намалува влијанието врз животната средина.

Со овие иновации, Daikin е способен да обезбеди HVAC решенија за сите региони во Европа и нивните променливи временски услови.

Комбинирајќи ја дизајнерската извонредност и високите перформанси, Daikin ги одржува домовите топли дури и во најстудените зими.



Топлинските пумпи се подготвени да го прифатат предизвикот на декарбонизација, а Daikin да биде најкомпатибилен партнер во овој предизвик

Декарбонизацијата на домовите е предизвик за одржливост на денешницата. Тоа е најновиот додаток во промена на глобалната парадигма кон поодржлива економија. Во автомобилската индустрија, земјоделството, па дури и во воздушниот сообраќај, веќе се направени напори да се намалат или елиминираат емисиите на јаглерод од извори на енергија. Следно на списокот: домови.

Европската унија вети дека „ќе има централна улога“ во постигнувањето на "нето-нула" емисија на стаклени гасови до 2050 година. Како да го постигнеме тоа?

Тие се ослонуваат на топлинските пумпи.

Исто и Daikin, убедени сме дека тие се во право. Топлинските пумпи се повеќе од подготвени да го преземат предизвикот за декарбонизација. Тие не се технологија на иднината, туку воспоставено решение, подготвени да ви овозможат удобност.

Дали знаете?

Во неколку европски земји, топлинските пумпи се веќе инсталирани во повеќе од 50% од новите згради. Во процесот на реновирање, топлинските пумпи се повеќе се сметаат замена на котлите, особено високотемпературните модели со температура на вода до 70°.

Вашиот следен систем за греење ќе биде топлинска пумпа

Без разлика дали реновирате или имате нов проект за градење, во куќа или во стан, секогаш ќе најдете соодветна топлинска пумпа на Daikin.

Реновирање

› Заменете го вашиот стар систем за греење или котел
› Чувајте ги вашите радијатори

Нова градба

› Уживајте во предностите на топлинската пумпа со ниско-температурна топлинска пумпа
› Користете супер ефикасни емитери како што се конвектори за топлинска

Искористете ги предностите на обновливото решение и намалете ги емисиите на CO_2

Дизајн

Дизајнот е важен за сопствениците на домови, затоа Daikin му дава исто толку важност како и секоја карактеристика на производот.

Опсегот на внатрешните единици на Daikin Altherma 3 има придобивки од сосема нов потпис за дизајн награден со IF и reddot наградите 2018 година.

Со новата Altherma 3 H HT, Daikin воведува високо квалитетен дизајн на надворешната единица, што се потврдува со наградите IF и Reddot '19.

Едноставна употреба

Внатрешните единици се опремени со удобен и интуитивен интерфејс, каде Daikin Eye го покажува статусот на системот: сино значи дека сè е во ред, црвени сигнали дека се појавил проблем.

Сите производи за греење на Daikin можат да се контролираат преку апликацијата Daikin Residential Controller, овозможувајќи да се управува со потребната температура, како и со распоредот.

Покрај тоа, во опсегот на Daikin Altherma 3 одлично се придодава и дизајнираниот термостат: Madoka.

Компактни димензии

Внатрешната и надворешната единица со своите компактни димензии завзема одреден простор, 600 x 600 mm преставува димензија на внатрешната единица еднаква на димензијата машина за перење, што преставува повеќе од коректна замена на класичните котли.

Дискретно работење

Daikin се обврзува да му пружи најдобра удобност на својот клиент, затоа дискретната работа е приоритет во развојот на нашите производи.

Ако внатрешните единици треба да бидат незабележани во случај да се инсталираат во техничката просторија близу до вашата дневна соба, надворешните единици исто така треба да бидат колку што е можно повеќе тивки за да се вклопат во урбаната средина каде што може да се применат ограничувања на звук.

Работата на "тивок режим" која опфаќа дел од продуктите на Daikin, гарантира комфор при греење..

Зошто да изберете Daikin Altherma топлинска пумпа воздух-вода?

ДНК на Daikin

Иновацијата и извонредноста се секогаш дел од ДНК-та на Daikin, носејќи го подалеку од пазарните вредности.

- **20 W електрична енергија** за 100 W греење, наместо 25 kW
- Работно подрачје **до -28°C,** подобрувајќи го претходното од 25°C

Како работи?

Со извлекување на енергијата од воздухот, надворешната единица обезбедува греење, ладење и топла вода. 75% од работата се извршува преку енергијата на воздухот, остатокот се надополнува преку електричната енергија. Работата на топлинската пумпа се ослонува на компресорот и фреонскиот дел, како основни компоненти за пренесување на енергијата во водата и испорака на истата во вашата куќа.

Инсталација

Повеќето топлински пумпи се инсталираат на три различни начина

- **Сплит со фреон**: овој систем за греење е изработен од надворешна единица што го извлекува воздухот
- и внатрешна единица која е команден центар на кој го контролирате вашиот систем. Врската обезбедува ограничена загуба на топлина при внесување на истата.
- **Хидро-сплит**: Фреонот е целосно интегриран во надворешната единица.
- И во овој случај внатрешната единица претставува команден центар и единица која ја внесува водата со потребната топлина од надворешната единица во внатрешноста на куќата.
- **Моноблок**: Моноблок единицата содржи една поголема надвореша единица во која се одвиваат претходно наведените процеси. Во овој случај, во внатрешноста на куќата се наоѓа командниот центар и самостоен резервоар за санитарна топла вода.



Температурата на водата

Постојат два главни прагови на температурата:

- **Висока температура (> 65 ° C)**: типична за постари објекти со веќе постоечка инсталација (пр. челични радијатори кои имаат потреба од повисока температура на вода за максимална топлинска испорака). Високо температурните модели на Daikin Altherma 3 H HT со испорака на температура на вода до 70°C, ги задоволува горенаведените барања.
- **Ниска температура (≤65 ° C)**: типична за нови објекти. Ниско температурните модели на Daikin Altherma 3 H HT се особено погодни за подно греење и конвектори , за кои е доволна пониска температурна вредност на водата, како би се испорачала еднаква енергетска моќност како и радијаторското греење.

Највисока енергетска етикета

Топлинските пумпи Daikin се во согласност со најновите регулативи основани од Европската Унија со одржување на енергетска етикета со највисоки оценки, до A +++ за загревање на просторот и A + за санитарна топла вода.

Дали знаете?

Од 2015 година, сите производи за греење мора да носат етикета за енергија. Продуктите за загревање на просторија беа оценети со скала од A++ до G, а греачите на вода со скала од A до G.

На 26 Септември 2019 година претставени се нови енергетски етикети кои прозводите за загревање на простории ги рангираат со скала од A+++ до D, греачите на вода од A+ до F.

Секогаш под контрола, без разлика каде сте

Madoka, интуитивно дизајниран термостат

Интуитивна контрола со врвен дизајн: заобленитe рабови на контролерот Daikin Madoka нудат елегантна, рафинирана форма која се одликува со впечатлив син кружен дисплеј. Претставувајќи јасна визуелна референца ,лесно вчитливи броеви, за читање, на контролните карактеристики им се пристапува со употреба на три копчиња на допир, кои комбинираат интуитивна контрола со лесна прилагодливост за подобрено корисничко искуство.

Лесно поставете ги параметрите за работа

Активирањето и поставувањето на сетинзите на вашиот контролер е едноставно и ви помага да постигнете поголема заштеда на енергија и поголема удобност. Системот ви овозможува да изберете режим на работа во просторот (греење, ладење или автоматско), да ја поставите посакуваната температура во просторијата и да ја контролирате домашната температура на топла вода

Три бои за да одговараат на секој дизајн на ентериер

Daikin Residential Controller

Со апликацијата "Daikin Residential Controller" се отвора можност од било кое место во секое време, да го контролирате и го следете статусот на системот за греење и ви овозможува да(*):

Следите

› Статусот на вашиот систем:
- Собна температура
- Бараната собна температура
- Режим на работа

› Графикони за потрошувачка на енергија (ден, недела, месец)

Распоред

› Распоред на собна температура и работен режим со најмногу **6 работни функции на ден за 7 дена**
› Овозможи **режим на работа за годишен одмор.**

Контрола

› Режим на работа
› Промените ја бараната температура во просторијата
› Промените ја бараната температура на топлата вода
› Моќен режим (брзо загревање на санитарната топла вода)

*Достапноста на функциите зависи од типот на системот, конфигурацијата и режимот на работа. Функционалноста на апликацијата е достапна само ако Daikin системот и Апликацијата имаат Интернет конекција

Stand by me,

услуга по порадажба на единицата.

Stand by me, онлајн платформа за поддршка помеѓу вас и инсталатерот

Stand by me платформата има за цел да обезбеди удобност благодарение на различните карактеристики:

- Бесплатна гаранција
- Дополнителна продолжена гаранција
- Лесен контакт со инсталатерот

Продолжена гаранција

Ако се одлучите за продолжена гаранција за резервни делови, вашиот Daikin систем ќе биде целосно покриен по инсталација.

Кои се предностите?
› Сите резервни делови се опфатени со продолжената гаранција
› Загарантирана оптимална изведба за време на целиот животен век на вашиот Daikin систем.
› Доколку имате проблем, лесно ќе стапите во контакт со Daikin сервисниот партнер

Аларм за одржување

Вие и сервис партнерот ќе бидете автоматски информирани за одржувањето на вашиот систем и кога мора да се изврши.

Дигитална книга за одржување

На „Stand by me“ платформата можете да ја најдете целата историја на одржување на вашиот систем, упатства за употреба, детали за интервенција, …

Сакате да дознаете повеќе? https://standbyme.daikin.eu/

Суштината на

топлинска пумпа

Кој е најважниот дел… Суштината?
Чистотата на една идеја, рационализирана, отворена…
сè додека не остане ништо… туку совршенство.

Суштината се залага за:

- Најсовршен пример за квалитет или класа
- Најчисто јадро на нешто
- Најрафиниран дел од нешто

Благодарение на голем број на посветени случувања, надворешната единица Daikin Altherma 3 H HT го претставува најдоброто што може да се направи за топлинските пумпи од воздух - вода.

Daikin Altherma 3 H HT е првата надворешна единица на Daikin со карактеристичен дизајн. Нејзиниот единечен вентилатор го намалува нивото на звукот и неговата црна предна решетка ја прави единицата да се вклопи во секое опкружување.

Супериорни перформанси, употреба на обновлива енергија, дизајн и акустична удобност. Ова е значењето на суштината на топлинска пумпа.

Daikin Altherma 3 H HT

Измислена да ги замени котлите

Промена на она што е од суштинско значење

Daikin Altherma 3 H HT е совршено пприлагодена за вашиот реновирачки проект. Бидејќи испорачува температура на водата од 70 ° C, слична на вашиот котел и без употреба на дополнителен електричен резервен греач, не треба да ги замените вашите радијатори.

Промената на вашиот систем за греење од котел во Daikin Altherma 3 H HT ќе ви помогне да заштедите простор. Нашиот интегриран модел завзема многу мала површина испод 0,36 м^2.

ПРЕД

ПОСЛЕ

Зелена инвестиција

Вашиот следен систем за греење е топлинска пумпа и ја менува концепцијата. Преминувањето од котел на топлинска пумпа значи префрлување на тотално зелено решение. Не се гори повеќе гориво или гас, топлинските пумпи генерално ги намалуваат емисиите на CO2 за 70%. Разликата е видлива на вашата сметка, а повратот на инвестицијата може да се случи по неколку години!

Иновации во срцето на нашите грижи

Daikin Altherma 3 H HT се наоѓа на врвот на листата на единици со најнизок звук и перформанси на греење, благодарение на посветени и темелни тимски активности. Неколку главни компоненти се дизајнирани да го направат овој производ да достигне совршеност, како што е сосема нов единечен компресор, поголем единечен вентилатор за високи капацитети и целосен редизајн на обвивка.

Црна хоризонтална предна решетка

Редизајнирана обвивка

Од 2017 година, Daikin вклучува агенција за дизајн да донесе свежи идеи во својот дизајн на производи. Ефектот беше веднаш видлив, сите нови производи беа наградени престижните награди за дизајн Reddot 2018 и 2019 година.

Новата сива линија на единицата и помага да се совпадне во секој амбиент, додека црно дизајнирана хоризонтална решетка вешто ги прикрива перките на вентилаторот и го редуцира звукот на единицата при активна работа.

Единечен вентилатор

Еден вентилатор за високи капацитети

Вентилаторот не само што е невидлив, туку е и поголем, заменувајќи го вообичаениот двоен вентилатор за единици со висок капацитет (класа: 14-16-18).

Обликот на вентилаторот е исто така ревидиран со цел да се намали контактната површина со , да се подобри циркулацијата на воздух низ него и да се намали нивото на звук при работа.

Компресор за двојно вбризгување R-32

Сосема нов компресор

За да го направи овој производ уникатен, Daikin Europe соработуваше со центарот за технолошки иновации на Daikin (Јапонија) за развој на врвни компоненти. Компресорот Daikin Altherma 3 H HT е во состојба да испорача висока температура на водата до 70 ° C во режимот "само топлинска пумпа"



Плоча против вибрации

Компресорска изолација

За да се редуцира звучната моќ при работа на компресорот, беа преземени неколку активности во однос на апсорпција и изолација.

Прво, компресорот е опкружен со 3-слојна изолација изработена од воздух, изолационен материјал и метална кутија.

Во однос на апсорпцијата, придобивките на Daikin Altherma 3 H HT се состојат од двојно намалување на звукот со употреба на гумени влошки помеѓу долната плоча и плочата за вибрации под компресорот.

Незаменлива изведба

Со овие нови случувања, Daikin Altherma 3 H HT достигна најдобри перформанси илустрирани во етикетите за енергија:

Дизајнирана да издржи најстудени климатски услови

Подобрен опсег на работа

Европското време понекогаш може да биде тешко. Затоа ние ја дизајниравме Daikin Altherma 3 H HT да работи во режимот само "топлинска пумпа" до -28 ° C надворешна температура.

Капацитетите за греење се одржуваат и до -15 ° C надворешна температура. Оваа изведба е постигната благодарение на оригиналната технологија Daikin.

BLUEVOLUTION

Технологијата Bluevolution комбинира специјално развиен компресор и фреон R-32. Daikin е една од првите компании во светот што започна со производство на топлински пумпи опремени со R-32. Со понизок Глобален Потенцијал за Затоплување (GWP), R-32 е еквивалент на моќност со стандардни фреони, но постигнува поголема енергетска ефикасност и намалена емисија на CO_2.

Лесен за употреба и рециклирање, R-32 е совршено решение за да ни помогне да ги постигнеме новите европски цели на емисија на CO_2.

R-32

Инсталација за мирна работа на системот.

Поврзување без проблеми

Врската помеѓу надворешната и внатрешната единица е направена од вода што значи дека нема фреон во вашата куќа.

За да бидете сигурни дека водата не замрзнува за време на вашиот зимски одмор, во случај на прекин на електрична енергија или дефект на пумпа, Daikin обезбедува заштита од замрзнување (опција AFVALVE1).

Овој дополнителен вентил спречува формирање на мраз со исцедување на вода од системот со цел да се спречи било какво оштетување до единицата и цевките.





Исполнување на очекувањата на современото општество

Тишината римува со удобноста

Daikin Altherma 3 H HT е дизајниран да го намали неговото акустично ниво и да ги исполни очекувањата на денешното општество. Во стандарден режим на звук, единицата произведува звучен притисок од 38 dBA на 3 метри, звук некаде помеѓу врескање на птиците и внатрешноста на библиотеката..

Daikin Altherma 3 H HT исто така нуди поголема флексибилност со тоа што има режим на низок звук што го намалува притисокот на звукот од 3 метри на 35 dBA, што претставува вистинско намалување на половина од нивото на звукот!

Дали знаете?

Кривата на звукот не е линеарна, туку експоненцијална, пришто 3 dBA помалку претставува намалување на 50% од согледаниот звук.



Слушајте ја тишината на нашата надворешна единица

← Проверете го видеото!

Акустичното ниво може да се процени на два начина

› **Јачината на звукот** се генерира од самата единица, независно од оддалеченоста и околината
› **Звучниот притисок** е звук кој се согледува на одредено растојание. Притисокот на звукот обично се пресметува на растојание помеѓу 1 и 5 метри од единицата.



Едно решение, повеќе комбинации

Опсегот Daikin Altherma 3 H HT може да се комбинира со три различни внатрешни единици за да се поврзете на надворешната единица, нудејќи специфични карактеристики за да обезбедите греење, ладење и санитарна топла вода во вашиот дом.

Добијте ја удобноста што ја заслужувате со најдобри функционалности

Изберете од Daikin „Three+“ функционалноста што најдобро одговара на вашите потреби, реверзибилна и бизонска, давајќи ви можност да го прилагодите вашиот Daikin систем на греење.

"Heating only" модел

Моделот само за греење е стандарден во палетата на производи Daikin и е достапна за сите три внатрешни единици. Ова значи дека вашиот систем за греење обезбедува греење на просторијата и санитарна топла вода.

Реверзибилен модел

Ако ви треба ладење, реверзибилниот модел е за вас! Оваа одлика е достапна во сите три типа на внатрешни единици. Реверзибилно значи дека системот може да го превртри својот начин на работа и да обезбеди ладење наместо греење. Реверзибилниот модел бара подна цевна инсталација и фенкојлерски систем.

Би-зонски модел

Само интегрираната единица е опционално опремено со двозонска функција: можете да изберете две независни зони со различни емитери кои треба различно ниво на температура во различни простории (пример: систем на подно во дневната соба и радијатори во спалната соба.

Со 2 зони може да се управува самостојно: деактивирајте го греењето на првиот кат во текот на денот со цел да се намали прекумерната потрошувачка.



Надворешна единица

Надворешната единица е достапна во 3 класи 14-16-18.

reddot award 2018 winner

Интегриран модел на резервоарот од нерѓосувачки челик DHW

Овој модел е компактна единица со мало куќиште од 595x625мм. Единицата е опремена со домашен резервоар за санитарна топла вода од 180 или 230L за да одговори на вашата побарувачка за топла вода. Опционално, можете да одберете ладење или би-зонска функција. Единицата доаѓа стандард во бела, но исто така е достапна и во сребрено-сива боја.

- Модел само за греење
- Реверзибилен модел
- Двозонски модел

Интегриран модел на резервоарот ECH2O DHW

Единицата ECH2O е опремена со термички резервоар DHW од 300 или 500L што може да се поврзе со термички соларни панели. Технологијата ECH2O се заснова на принципот на свежа вода: домашната вода е одвоена од водата на резервоарот за складирање, избегнувајќи креирање на бактерија легионела. Опционално, можете да ја одберете функцијата на ладење.

- Модел само за греење
- Реверзибилен модел

reddot award 2018 winner

Ѕиден модел

Овој модел е најкомпактна единица, доколку имате потреба од санитарна топла вода, мора да вградите посебен бојлер во системот. По избор, можете да ја изберете функцијата за ладење.

- Модел само за греење
- Реверзибилен модел

Решение за секоја потреба



Оптимизирајте го вашиот систем со избор на вистинските единици за дистрибуција на енергијата

Емитери на топлина

Daikin Altherma Конвектори за топлинска пумпа

Уживајте во предноста на конвекторите за топлинска пумпа Daikin Altherma. За разлика од радијаторите, конвекторите за топлинска пумпа Daikin работат на ниска температурна вода и можат побрзо да обезбедат греење или ладење благодарение на вентилаторот внатре.

Добијте иста удобност како традиционалните радијатори, но со заштеда на енергија.

Daikin Altherma подно греење

Daikin има свој спектар на подни цевки, плочи и додатоци за исполнување на сите потреби.

Подното греење надополнето со конвекторска инсталација преставува идеална замена на радијаторското греење и одлично решение за ладење и греење на објектот.

Достапно во 3 модели

Канален сокриен

Сиден

Парапетна

Колектори на топлина

Соларни термички панели Daikin Altherma ST

Daikin Altherma ST нуди флексибилен соларен термички систем кој овозможува загревање на вода и греење на просторот. Топлинските соларни панели го претвораат сончевото зрачење во топлина преку нивната високо селективна обвивка. Достапни се три различни големини на соларни панели, со цел да се прилагодат на секаков вид на покрив при инсталација.

Стандард на топлинска пумпа

Серијата Daikin Altherma 3 R и H се најпродаваните топлински пумпи во опсегот на Daikin. Благодарение на нивната нискотемпературна работа, идеално се вклопуваат во новоизградените објекти со ниско енергетско побарување.

Daikin Altherma 3 R

› 4 до 8 kW за новоизградено или мало реновирање

› Користете ги истите внатрешни единици на Daikin Altherma 3

› Нискотемпературна единица, до 60°C
Синергии со конвектори на топлинска пумпа и подно греење

› Опсегот на работа се движи до -25°C

› Поврзување со фреон R-32

Daikin Altherma 3 H

› 11 до 16 kW за поголемо реновирање

› Може да се поврзе со стандардниот парапетен модел и виден модел

› Нискотемпературна единица, до 65°C
Синергии со конвектори на топлинска пумпа, подно греење и понови радиатори

› Опсегот на работа се движи до -28°C

› Поврзување со вода
Поврзување со фреон R-32 е во надворешната единица

Решение за заштеда на простор

Daikin Altherma Monobloc е најповолното решение за заштеда на простор со вклучување на сите хидраулични компоненти надвор од куќата. Овие производи се идеални кога просторот за инсталација е ограничен во куќата.

Daikin Altherma M 5-7 kW

› Единечна надворешна единица

› Нема внатрешна единица

› Нискотемпературна единица, до 60°C

› Опсегот на работа се движи до -25°C

› Комбиниран со домашен резервоар за топла вода и централна конекција

Daikin Altherma M 11-16 kW

› Единечна надворешна единица

› Нема внатрешна единица

› Нискотемпературна единица, до 60°C

› Опсегот на работа се движи до -25°C

› Со или без интегриран резервен грејач

› Комбиниран со домашен резервоар за топла вода и централна конекција

Иновативно решение

Daikin Altherma 3 GEO е сосема нова топлинска пумпа која ја користи земјата, за промена на температурата на водата во системот. Неговите иновативни карактеристики како што е активното ладење го пробиваат стандардот.

Daikin Altherma 3 GEO

- Активна функција за ладење со висока ефикасност
- Се применува за реновирање или нови изградени проекти
- Се комбинира со конвектори на топлинска пумпа, подно греење или радијатори
- Без надворешна единица, со R-32 фреон во единицата која ја прави измената.
- 6 до 10 kW единици
- Нискотемпературна единица, до 65°C

Daikin Altherma HPC обезбедува греење или ладење за дневни соби.

Температурата на водата до 65 ° C, така што единицата може да работи со подно греење, но и со радијатори.

Дупка од 80-100 метри во земјата создава постојана влезна температура, одлично прилагодувајќи се во регионите со ладна клима.

Правилна рамнотежа

Хибридни топлински пумпи Daikin Altherma се меѓу најефикасните топлински пумпи. Хибридот на Daikin автоматски го одредува најекономичниот извор на енергија (електрична енергија или гас) на интелигентен и единствен начин, заснован на цените на енергијата, надворешната температурата и побарувањата за внатрешно греење

Daikin Altherma R Hibride

› Греење, ладење и топла вода

› Комбинирајте котел на гас и надворешна пумпа за топлина

› Поврзување со фреон R-410A

› Поврзете го вашиот систем со повеќе климатизери

› Опсегот на работа се движи до -25°C

Daikin Altherma H Hibride

› Греење и топла вода

› Комбинирајте котел на гас и надворешна пумпа за топлина

› Поврзување со вода (Поврзување со фреон R-32 е во надворешната единица)

› Поврзете ја надворешната пумпа за топлина со постојниот котел благодарение на додатна функција

› Опсегот на работа се движи до -15°C

* Горенаведените топлински пумпи не се достапни во нашиот регион.

DAIKIN

Засилена удобност на санитарна топла вода

Топлинските пумпи Daikin Altherma R HW и H HW обезбедуваат само санитарна топла вода, особено интересна за пасивните куќи или како дополнителен обновлив извор на енергија на вашиот систем за греење.

Daikin Altherma R HW

› Оптимално домашно производство на топла вода

› Синергии со соларни термички панели

› Ниско одржување

› Лесна инсталација

Daikin Altherma H HW

› Оптимално домашно производство на топла вода

› Тивка операција

› Компактна големина овозможува лесно ракување

› 3 режими на работа кои одговараат на сите ваши потреби

› Операцијата се движи до -7 °C без резервен грејач

Има само еден прв избор: www.daikin.mk

Daikin Europe N.V. Naamloze Vennootschap
Zandvoordestraat 300 · 8400 Oostende · Belgium · www.daikin.eu · BE 0412 120 336 · RPR Oostende (Publisher)

Производите на Daikin се дистрибуирани од страна на:

ECPEN20-722 01/20

Тековната публикација е составено само по пат на информација и не определува обврзувачка понуда со Daikin Europe N.V. Daikin Europe N.V. ја состави содржината на оваа публикација според свои познавања. Не се издава изречна и имплицитна гаранција за комплетноста, точноста, доверливоста или состојбата за работа за определени намени на неговата содржина и производите и услугите што се содржат внатре. Спецификациите се предмет на измена без претходно известување. Daikin Europe N.V. експлицитно ја отфрла секоја одговорност за било какво директно или индиректно оштетување, во најширока смисла, што произлегува од употребата и/или интерпретацијата на оваа публикација. Сета содржина е заштитана со авторски права од страна на Daikin Europe N.V..